Врз основа на член 24 од Статутот на Едриличарската Федерација на Македонија , Собранието на Федерацијата на седницата одржана на 2 Ноември 2002 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РЕГАТИ НА ЕДРИЛИЧАРСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

За класите Фин, Ласер, Европа, Оптимист, Мистрал и Минитонец

1. Регатите на Едриличарската Федерација на Македонија ( Регати на ЕФМ ) се првенства на Македонија и другите регати од Календарот за регати на ЕФМ за наведените класи, кои ги исполнуваат условите на овај Правилник.

2. На регатите на ЕФМ се применуваат Регатните правила (RRC) и Правила за опрема (ERC) од Меѓународната Едриличарска Федерација (ИСАФ), Правила на класите, Распис и Упатства за едрење. Расписот и Упатствата за едрење мора да бидат во согласност со прописите на овој Правилник.

3. Организирењето на регати на ЕФМ може да и биде доделена на членка на ЕФМ која во претходната и тековната сезона одговорно и совесно ги извршувала обврските напишани во Статутот и нормативните акти на ЕФМ.

4. Регатите на ЕФМ можат да бидат распишани за повеќе класи на едно регатно поле, но ако меѓу распишаните класи се Минитонец и Оптимист заедно, регатното поле за Оптимист:

а) Мора да биде одвоено од регатното поле за Минитонец

б) Може да има заеднички старт и/или цел со Минитонец но посебни т.е. различни ознаки.

5. Регатите кои членките - организаторите ги пријавиле на Натпреварувачката комисија на ЕФМ во бараниот рок, ќе бидат објавени во Календарот на регати на ЕФМ за наредната сезона. Регатите од Календарот на ЕФМ мора да бидат "отворени". При објавувањето на Календарот на регати, Натпреварувачката комисија ќе изврши рангирање на регатите со коефициенти од 1,1 до 1,7 во согласност со Упатството за рангирање на регати.
Сите поединечни отворени регати, објавени во Календарот на ЕФМ чии организатори ќе ги почитуваат прописите на овај Правилник, ќе се земаат во предвид при изработката на критериските листи.
Пријавувањето на регатите на Натпреварувачката комисија на ЕФМ се врши на образец кој го одредува НК на ЕФМ. За пријавување регати после бараниот рок, а најкасно до 1 Март, организаторот треба на ж-ска на ЕФМ да уплати такса во износ од 50 евра (во денарска противвредност), без разлика на рангот на регатата.

6. Во една натпреварувачка сезона, регатите кои се одржуваат во Република Македонија Натпреварувачката комисија на ЕФМ може да додели:

а) ранг 1,6 или 1,7 ...................................... најмногу 4 регати по класи

б) ранг 1,4 или 1,5 ...................................... најмногу 6 регати по класи

в) ранг 1,3 ................................................... најмногу 8 регати по класи

Бројот на регати со коефициенти 1,1 и 1,2 не е ограничен

Натпреварувачката комисија може да му предложи на Претседателството на ЕФМ да освен регатите во Република Македонија и некои регати во странство се вбројуваат во критериски регати на ЕФМ. Организатори на овие регати може да бидат странски клубови и/или клубови од Република Македонија. Бројот на овие регати во една сезона неможе да биде поголем од 3 и мора да имаат ранг 1,7.

7. По предлог на Натпреварувачката комисија а во согласност со организаторот, една од регатите во Република Македонја која е пријавена за Календарот на ЕФМ и која ги задоволува условите да биде најмногу рангирана, ќе биде одредена за Државно Првенство на Македонија за една или повеќе класи на едрилици.

За класата за која регатата се води како Државно Првенство, организаторот мора да ги распише сите категории (сениорски, женски, мешани и т.н.), према претходно донесената одлука на Натпреварувачката комисија.

8. Право на учество на регатите на ЕФМ за распишаните класи имаат такмичари со заверена натпреварувачка легитимација од ЕФМ за тековната година.

Натпреварувачите регистрирани во ЕФМ, покрај ова мора да ги исполнуваат и следниве услови:

а) мора да имаат извршено лекарски преглед во надлежна институција кој не е постар од 6 месеци

б) за учество на регатите на ЕФМ чии ранг е 1,5 и поголем можат да бидат пријавени само натпреварувачи кои пред тоа, во последните 12 месеци, учествовале најмалку на 3 регати со понизок ранг од 1,5 и притоа на секоја завршиле барем една трка.

9. На регатите на ЕФМ се вадат резултати за секоја класа и категорија во која има најмалку 3 едрилици, чии пријави се прифатени, стартовале заедно во најмалку онолку трки колку е према прописите на овај член од Правилникот потребно да регатата за таа класа биде важечка.

Категориите (сениорски, женски и т.н.) се вадат од севкупниот пласман, според условите на прვиот став на овај член.

Регатата е важечка (успешна) ако се одржани:

а) за регатите од ранг 1,3 до 1,7 .................................... најмалку 3 трки

б) за регатите од ранг 1,1 и 1,2 ...................................... најмалку 1 трка

Ако во регатата се одржани 4 до 7 трки, се одбива една

Ако во регатата се одржани 8 и повеќе трки, се одбиваат две

Бројот на распишаните трки на ден неможе да биде поголрм од четри

Вкупниот број на распишаните трки на регатата несмее да биде поголем од дванаесет.

10. На регатите на ЕФМ во согласност со Регатните Правила на ИСАФ (RRC) се применуваат:

а) LOW POINT SYSTEM ( Систем на просто бодување - Правило А4 RRC 2005 - 2008 )

б) Непосредни казни за прекршување на правилата 42, RRC 2005 - 2008 Прилог П

в) Алтернативни казни за вртење за прекршување на правилото Делот 2, Правило 44.2 RRC 2005 - 2008

11. Обработката на бодовите на натпреварувачите и објавување на критериските листи после секоја одржана регата го врши Натпреварувачката комисија на ЕФМ врз основа на Правилникот за бодување и критериските листи на ЕФМ.

12. За регатите кои се вметнати во званичниот Календар на ЕФМ судиите од своите редови го одредуваат претседателот на Протестниот одбор и судија пресудител по правилото 42 RRC . Овие две функции може да ги извршува иста личност. Освен тоа, судиите од своите редови назначуваат и претседател на Регатниот одбор (кој истовремено е и член на Протестниот одбор), и судија овластен по прашањата на правилата на класата и премерувањата (или премерувач од редовите на званичните премерувачи на ЕФМ, ако постои). Овие две функции исто така може да ги извршува иста личност.
На регатите од ранг 1,5 и повеќе, трошковите за делегираните судии ги сноси ЕФМ, према усвоениот Трошковник.
На регатите од ранг 1,1 до 1,4 трошковите за делегираните судии ги сноси организаторот .
Претседателот на ПО е, освен редовните обврски, обврзан да ја прати регуларноста на регатата и за тоа да поднесе извештај на судиите од ЕФМ на пропишаниот образец, во рок од 3 дена од денот на завршување на регатата.
Претседателот на РО е, освен редовните обврски, обврзан да во рок од 3 дена од денот на завршување на регатата да достави званични резултати до Натпреварувачката комисија и извештај за регатата на образец кој го пропишува ЕФМ со прилози и тоа:

а) Распис

б) Упатство за едрење

в) Известувањата од службената огласна табла и

г) Обрасците од поднесените протести со евентуални прилози

13. За регатите од календарот на ЕФМ со ранг 1,5 и повеќе, организаторот е обврзан да од секој натпреварувач чија што пријава е прифатена, да наплати стартнина во износ од 100 денари. Средствата собрани од стартнините му припаѓаат на организаторот. Овај услов мора да биде објавен во расписот за регатата.
За регатите од Календарот на ЕФМ со ранг 1,1 до 1,4 организаторот може да одлучи да воведе наплата на стартнина, само доколку го објави тоа во

расписот за регататта. Средствата собрани од стартнините му припаѓаат на организаторот.

14. Организаторот на регатите од ЕФМ:

а) распишува регата според образецот кој го одредува ЕФМ, не менувајќи при тоа ни еден податок од пријавите за регатите од Календарот на ЕФМ, освен за тоа не добие одобрување со посебна одлука на Претседателството на ЕФМ. Расписот, во електронска форма (е-маил, дискета, ЦД) авторизиран со електронски потпис, мора да биде доставен до канцеларијата на ЕФМ најкасно 45 дена пред одржување на регатата.

б) подготвува упатство за едрење според образецот кој го одредува ЕФМ, не менувајќи ги притоа податоците од расписот. Подготвените упатства за едрење ги заверува претседателот на ПО, после што се печатат во доволен број на примероци, така што секој пријавен натпреварувач и водич на екипата добијат по еден примерок.

в) одредува:

(1) еден член за Протесниот одбор од редовите на судиите или судските приправници, на трошок на организаторот

(2) членови на регатниот одбор од регатните судии на ЕФМ и нивни помошници кои не мораат да бидат судии, и тоа:

- за старт најмалку два регатни судии и еден помошник

- за цел најмалку еден регатен судија и еден помошник

- за секоја ознака оддалечена повеќе од 50 метри од стартот или целта најмалку еден регатен судија и еден помошник

- секретар на регатата

г) обезбедува регатни бродови односно чамци и тоа по еден за старт, цел, секоја ознака оддалечена повеќе од 50 метри од стартот или целта и најмалку еден брз чамец со со водител за ПО односно пресудител на ЕФМ.

д) за првенство на Република Македонија обезбедува пехари и медаљи и тоа:

(1) медаљи за првите три места за секоја класа и категорија

(2) најмалку 3 пехари, ако има десет или повеќе натпреварувачи во класата/категоријата

(3) најмалку 2 пехара ако има повеќе од четири а помалку од десет натпреварувачи по класа/категорија

(4) најмалку 1 пехар, ако има помалку од пет натпреварувачи во класата/категоријата

Трошоците за набавка на овие награди, до износот кој со претходно донесена одлука ги одобрило Претседателството, ги сноси ЕФМ.

15. Регатниот одбор:

а) ги извршува сите работи поврзани со пријавување, евиденција и регистрација на натпреварувачите за учество на регата. Во таа смисла обврзан е да провери дали пријавените натпреварувачи ги исполнуваат условите напишани во точка 8 на овај Правилник.

б) поставува регатно поле следејќи ги во потполност упатствата за едрење кои ги заверил претседателот на ПО

в) ги извршува сите потребни работи со цел за регуларен тек на регатата придржувајќи се во потполност на одредбите на Расписот, упатствата за едрење, RRC и ERC.

г) проценува дали временските услови овозможуваат успешно, регуларно и безбедно одвивање на регатата и правовремено превзема соодветни мерки како регуларноста на регатата и безбедноста на натпреварувачите не би била загрозена. Во таа смисла е овластен да користи одложување на стартот на поединечни трки, одложување на веќе започнати трки, скратување и други мерки кои ги предвидува ИСАФ, RRC и овај Правилник.

16. На сите регати на ЕФМ освен оние кои се распишани за минитонци, секој клуб чии натпреарувачи учествуваат мора да обезбеди најмалку еден (1) соодветен гумен чамец со одговорно лице кој ќе го пријави на регатниот одбор и кој во нормални услови на одвивање на регатата не смее да влезе во регатното поле и во тој поглед море да се придржува на ограничувањата наведени во упатствата за едрење.
Меѓутоа, во случај да дојде до изненадувачки неповолен развој на временските услови или изненадувачка ситуација во која е потребна интервенција, **на барање и налог на РО** клубските пратечки чамци мора да пружат соодветна помош на натпреварувачите на кои им е потребна и тоа на начин како што е дефинирано во упатствата за едрење.

17. Едрилицата што протестира со протестотот вложува износ од 20 евра, кои во упатствата за едрење ќе бидат во денарска противвредност. Во случај на одбивање на протестот организаторот го задржува вложениот износ во своја корист.

18. На решението по протестот (освен во случај на поставено меѓународно жири), како и заради неодговорна работа или грешки на Регатниот одбор, Протестниот одбор или организаторот (правило 62.1.а RRC 2005 -2008) заентересираната странка може да се жали до судиите на ЕФМ. Во тој случај должна е да писмено најави жалба до Претседателот на ПО најкасно 2 часа по прогласувањето на званичните резултати на регатата, а жалбата ја достави до канцеларијата на ЕФМ најкасно 7 дена од денот на завршување на регатата, вложувајќи износ од 50 евра (во денарска противвредност). Судиите долњни се да решението по жалбата го донесат најкасно еден месец од завршување на регатата. Во случај на одбивање на жалбата вложениот износ го задржува во своја корист ЕФМ.

19. На основа на извештаите од регатите и евентуалните жалби, претседателот на судиите проценува дали има основа да се испита регуларноста на регатата и во таков случај свикува состанок. Со решението на состанокот го запознава претседателот на ЕФМ најкасно 14 дена од завршување на регатата.

20 Претседателството на ЕФМ одлучува за поништување и евентуално повторно одржување на нерегуларните регати на ЕФМ, одговорноста на организаторот, опомени или суспензија на правото за организирање на регата од ЕФМ.

21. На предлог на Натпреварувачката комисија, Претседателството на ЕФМ може да одобри отстапки од овој Правилник со обврска да поднесе образложување на Собранието на ЕФМ.